Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

# Извадок на дел од дневни настани 11.07.2021

На 10.07.2021 во 21,50 часот, полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Карпош, го лишиле од слобода Б.Б.(35) од Скопје затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 11.07.2020 во 03,15 часот, од полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Ѓорче Петров при извршен преглед кај С.Ш.(22) од Скопје бил пронајден нож. Тој бил приведен поради сомнение за сторен прекршок од Законот за оружје. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 10.07.2021 во 16,50 часот било пријавено дека во Скопје на ул.“Знеполе‟ А.Р.(26) од Скопје управувајќи велосипед паднал на коловоз. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил велосипедистот, констатирани во Градската општа болница “Св.Наум Охридски‟. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје.

На 10.07.2021 во 19,20 часот било пријавено дека во Скопје на крстосницата од бул.“Кочо Рацин‟ и ул.“11-ти Октомври‟ се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило “рено трафик‟ со штипски регистарски ознаки, управувано од К.К.(63) од Скопје и патничко моторно возило “фолсваген голф‟ со скопски регистарски ознаки, управувано од Ф.Е.(54) од Скопје. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобила сопатничката од возилото “фолсваген голф‟ В.Е.(53) од Скопје констатирани во Градската општа болница “Св.Наум Охридски‟. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (10.07.2021) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 254 мерки, меѓу кои за возење под дејство на алкохол 58, за возење повеќе од дозволената брзина 47 санкции, 18 прекршоци што го чинат возачите на мотоцикли, 24 за возење без возачка дозвола.Изречени се шест санкции за користење мобилен телефон, 14 за технички неисправни и нерегистрирани возила, 11 за возач почетник, осум за некористење сигурносен појас, 36 санкции за непрописно паркирање.

На 10.07.2021 во 14,40 часот било пријавено дека на магистралниот пат с.Подмоље-Охрид, пред манастирот „Св.Еразмо‟, се случила сообраќајна незгода помеѓу возило“фолксваген голф‟ со охридски регистарски ознаки, управувано од Љ.Г. (51) од Охрид, патничко моторно возило „ауди А4‟ со охридски регистарски ознаки, управувано од Е.Љ.(22) од Охрид, патничко моторно возило “фолксваген голф‟ со охридски регистарски ознаки, управувано од А.Џ.(46) од Струга и товарно моторно возило „сканија‟ со охридски регистарски ознаки управувано од Т.Ѓ.(38) од с.Вапила-охридско. Во незгодата сопатник од возило “фолсваген голф‟ Х.Г.(78) од Охрид од здобиените повреди на пат за болницата „Св.Еразмо‟ починал. Со тешки телесни повреди се здобил Љ.Г., а со телесни повреди се здобиле А.Џ. и Е.Љ. констатирани во болницата “Св.Еразмо‟. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Охрид.

На 11.07.2021 во 04,45 часот било пријавено дека во Штип на ул.“Гоце Делчев‟ мопед “кивеј-50‟ со штипски регистарски ознаки управуван од Т.Џ.(43) од Штип излетал од коловозот. Во незгодата возачот на мопедот се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Клиничката болница во Штип. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Штип.

Во текот на изминатото деноноќие (10.07/11.07.2021) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 41 прекршок.

На 11.07.2021 во 01,30 часот во с.Градец-гостиварско од полициски службеници од ОВР Гостивар бил лишен од слобода И.М.(24) од с.Градец затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против Б.С.(43) од Кичево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотички droги, психотропни супстанци и прекурсори‟. При контрола во казино во Кичево, извршена на 12.03.2021, кај него е пронајден и одземен хероин.

Поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотички дроги, психотропни супстанци и прекурсори‟, ОВР Кичево поднесе кривична пријава против М.Б.(20) од Скопје. При контрола на патничко возило „мерцедес‟, со скопски регистарски ознаки, во кое се превезувал, била пронајдена и одземена марихуана.

На 10.07.2021 во 11,45 часот било пријавено дека на Регионалниот пат Волковија-Тетово се случила сообраќајна незгода помеѓу моторцикл „дукати‟ со тетовски регистарски ознаки, управуван од Д.Р.(21) од с.Радиовце и патничко моторно возило “голф‟ со тетовски регистарски ознаки, управувано од А.А.(29) од с.Ново Село. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил сопатникот од моторциклот Н.А.(19) од с.Радиовце, а со телесни повреди се здобил моторциклистот констатирани во Клиничката болница Тетово. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Тетово.

На 10.07.2021 во 16,20 часот било пријавено дека во с.Стар Караорман-штипско, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило „пежо‟ со непознати регистарски ознаки и мопед „скутер лонгија 50‟ со штипски регистарски ознаки, управуван од малолетник од с.Стар Караорман-штипско кој бил со малолетен сопатник. По незгодата возачот на „пежо‟ двајцата малолетници ги пренел во болницата во Штип, а потоа заминал. Од страна на лекар кај малолетниот сопатник констатирани биле тешки телесни повреди, а телесни повреди биле констатирани кај возачот на мопедот. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Штип и се работи на расчиатување на случајот.

На 11.07.2021 во 00,40 часот било пријавено дека на пругата Гевгелија-Скопје во близина пред железничка станица Криволак, во железничка несреќа во која учествувал товарен воз кој сообраќал на релација Гевгелија-Скопје биле повредени мигранти, а едно лице од здобиените повреди починало на пат кон болница. Со тешки телесни повреди се здобиле две лица, а со телесни повреди се здобиле три лица, констатирани во болниците во Велес, Неготино и Кавадарци. Неповредените шест мигранти биле предадени на полициски службеници од РЦ ГР Југ за понатамошна постапка. Извршен бил увид на местото на настанот од Јавен обвинител и увидна екипа од Полициската станица Неготино.

На 10.07.2021 во 21,00 часот било пријавено дека на подрачјето на Бит Пазар во маркет едно лице со закана одзело пари од вработената. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.07.2021 во 15,45 часот М.А.(45) од Скопје пријавил дека на место викано „Геран‟ атар на с.Драчево во двор од викенд куќа, во базен,, паднало залутано зрно. Нема повредени лица. Се работи на расчистување на случајот.

На 11.07.2021 во 03,05 часот Б.Ч.(28) од Скопје, пријавил дека во изнајмена куќа во с.Бардовци, на забава неколку лица физички ги нападнале В.С. и М.Н. од Скопје, притоа оштетувајќи го инвентарот во куќата. Се работи на расчистување на случајот.

На 10.07.2021 во 14,00 часот во СВР Скопје, од страна на Итната медицинска помош било пријавено дека на подрачјето на Кисела Вода во стан од зграда сопственост на С.И.(36) додека местел клима уред, најверојатно од струен удар починал Љ.Б.(58) од Скопје. По наредба на Јавен обвинител телото е дадено во судска медицина за обдукција.

На 11.07.2021 во 06,20 часот било пријавено дека на регионалниот пат Штип-населба Три Чешми патничко моторно возило “мерцедес‟ со штипски регистарски ознаки управувано од Н.М.(20) од Штип излетало надвор од патот. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил возачот констатирани во Клиничката болница во Штип. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Штип.

На 10.07.2021 во 17,55 часот А.А.(26) од с. Банско пријавил дека истиот ден околу 15,00 часот во с.Банско по претходна расправија бил физички нападнат од неколку лица со тврди предмети. Се работи на расчистување на случајот.

На 11.07.2021 во 01,30 часот К.Х.(20) од с.Стајковци пријавил дека истиот ден околу 00,45 часот пред угостителски објект во с.Марино бил физички нападнат од неколку лица. Се работи на расчистување на случајот.

На 10.07.2021 во 22,05 часот било пријавено дека на 09.07.2021 околу 18,00 часот во с.Кондово по претходно недоразбирање бил нарушен јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка помеѓу М.П.(52) и И.П.(51) од една страна и неговите внуци А.П.(36), А.П.(40) и Ш.П.(67) од друга страна. Сочинети се записници по чл.11 ст.2 од ЗППЈРМ.

На 10.07.2021 во Полициската станица Карпош од Јавна Установа за згрижување деца било пријавено дека самоволно се оддалечил штитеникот Д.С.(17) од Крива Паланка. Се превземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 10.07.2021 во 10,30 часот 17 годишник од струмичко, пријавил дека истиот ден околу 03,30 часот додека бил во угостителски објект во Струмица со неговите другари започнале вербална расправија со непознато лице, при што, лицата задолжени за обезбедување ги извадиле надвор од објектот и по кажување на пријавителот физички го нападнале. Се работи на расчистување на случајот.

На 10.07.2021 во 00,26 часот во СВР Штип било пријавена меѓусебна пресметка помеѓу повеќе лица. Од полициски службеници од СВР Штип излезено било на местото на настанот и констатирано било дека истиот ден околу 00,20 часот во Штип во дворот на Б.М (44) од Штип каде што имале семејна прослава, во еден момент од спротивната куќа на Е.Д.(44) во Штип настанала вербална расправија која преминала во физичка пресметка меѓу двете семејства со тврди предмети од кои дел од присутните се здобиле со повреди, оштетиле и едно моторно возило, а направени се оштетувања и на двете куќи. Извршен бил увид на местото на настанот и се работи на целосно расчистување на случајот.

На 10/11.07.2021 во времето од 23,00 до 05,00 часот, при извршени сообраќајни контроли на подрачјето на СВР Охрид, полициските службеници регистрирале 13 возачи кои, управувале патнички моторни возила под дејство на алкохол (Охрид-05, Кичево-07, Дебар-01). Тие веднаш се исклучени од сообраќај, одземени им се возачките дозволи и против нив ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 10/11.07.2021 во времето од 23,00 до 05,00 часот на подрачјето на СВР Тетово биле спроведени сообраќајни контроли за откривање на возачи кои управувале моторни возила под дејство на алкохол. При контролата откриени биле и санкционирани 19 возачи од кои 16 на тетовското, а три на гостиварското подрачје. Сите биле исклучени од сообраќај и изготвени им биле соодветни поднесоци.

На 10.07.2021 во 17,09 часот С.К.(69) од Скопје, пријавил дека околу 16,30 часот во с.Стопански Двор на влезната врата од балконот удрило заталкано зрно. Повредени лица нема. Се работи на расчистување на случајот.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет